17. Ул. "Баница"…….................. сите броеви...............................од 0001 до крај
18. Ул. "Банско"…................... сите броеви...............................од 0001 до крај
19. Ул. "Кратовска"……..............сите броеви................................од 0001 до крај
20. Ул. "Неврокопска"…............сите броеви................................од 0001 до крај
21. Ул. "Церска"……...................сите броеви................................од 0001 до крај
22. Ул. "484 "……….....................сите броеви...............................од 0001 до крај
23. Ул. "368 "……………..........сите броеви................................од 0001 до крај
24. Ул. "367 "……......................сите броеви................................од 0001 до крај

Учениците од прво до деветo одделение од овој реон се запишуваат во подрачното општинско основно училиште "Кузман Јосифовски – Питу" - Општина Кисела Вода, Скопје.

Член 14

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на реонизација на основните училишта во кои се запишуват учениците со бр. 07-5740/4 од 16.07.2009 година.

Член 15

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-3617/6
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за давање согласност на Деловникот за измена и дополна на Деловникот за работа на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на Деловникот за измена и дополна на Деловникот за работа на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Кисела Вода, донесен на Деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 април 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5203/5
27.05.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница, одржана на 26 април 2022 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Деловникот за измена и дополна на Деловникот за работа на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Кисела Вода**

**1.** Се дава согласност на Деловникот за измена и дополна на Деловникот за работа на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Кисела Вода.

**2.** Заклучокот да се достави до Секторот за урбанизам и просторно планирање.

**3.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-3617/7
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Информација за Меѓународен Конкурс Расадник**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Информација за Меѓународен Конкурс Расадник, донесен на Деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 април 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5203/6
27.05.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница, одржана на 26 април 2022 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Информација за Меѓународен Конкурс Расадник**

**1.** Со овој Заклучок се усвојува Информацијата за Меѓународен Конкурс Расадник.

**2.** Заклучокот да се достави до Секторот за урбанизам и просторно планирање.

**3.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-3617/8
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Автентично толкување по барање бр.09-2711/1 од 17.03.2022 година од група граѓани во врска со максималниот број на стамбени единици кои може да се изградат во Општина Кисела Вода каде постои намена А1 домување**

1. Со ова Решение се објавува Автентичното толкување по барање бр.09-2711/1 од 17.03.2022 година од група граѓани во врска со максималниот број на стамбени единици кои може да се изградат во Општина Кисела Вода каде постои намена А1 домување, донесено на Деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 април 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5203/7
27.05.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), и член 110 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница одржана на 26 април 2022 година, даде

**АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ**
**на општи и посебни одредби на донесени урбанистички планови и урбанистичко планска документација**

Во општите и посебните одредби на:

1. ДУП: нас. Црниче УЕ 61, Одлука бр.08-228/1 од 13.05.1998 година ("Сл. Гл на Град Скопје" бр.11/1998),
2. ДУП: Изменување и дополнување на ДУП за нас. "Црниче-дел 2"(опфат помеѓу ул.Востаничка, ул.Серска, ул.Еницe Вардарско, ул.Банско, ул.Кратовска и ул.Христо Узунов), Одлука бр.07-1879/4 од 23.03.2012година ("Сл. Гл на ОКВ" бр.4/2012),
3. ДУП: Измена и дополна на ДУП за дел од населба "Црниче" (меѓу ул.Чедомир Кантарџиев и ул.Н.Охридски), Одлука бр.07-4360/3 од 19.07.2011 година ("Сл. Гл на ОКВ" бр.09/2011),
4. ДУП: нас. Црниче 2, Одлука бр.07-97/2 од 30.09.2003 година ("Сл. Гл на Град Скопје" бр.12/2003),
5. ДУП: нас. Пржино 1, Одлука бр.07-32/2 од 17.03.2003 година ("Сл. Гл на Град Скопје" бр.5/2003),
6. ДУП: Пржино 1 – дел од урбан блок 1 (измена и дополна), Одлука бр.07-8103/12 од 14.11.2012 година ("Сл. Гл. на ОКВ" бр.12/2012),
7. ДУП: Измена и дополна на ДУП "Пржино 1", дел од урбан дел 2 и урбан дел 3, Одлука бр.07-8103/13 од 14.11.2012 година ("Сл. Гл на ОКВ" бр.12/2012),
8. ДУП: за нас."Кисела вода" МЗ 70, ЛОКАЛИТЕТ – 2 – ОПФАТ 8 измена и дополна, Одлука бр.07-2117/9 од 19.04.2011 година ("Сл. Гл на ОКВ" бр.04/2011),
9. ДУП: Изменување и дополнување на ДУП за нас."Кисела вода" МЗ 70, ЛОКАЛИТЕТ 2 ,БЛОК 12, Одлука бр.07-6845/13 од 02.10.2012 година ("Сл. Гл на ОКВ" бр.11/2012),
10. ДУП: нас."Кисела вода" МЗ 70, ЛОКАЛИТЕТ – 3 (плански опфат помеѓу улиците: Новопроектирана колекторска 1, ул.14ти Декември, ул.Сава Ковачевиќ 1, граница со КП3907/2, КП4093/3 и КП4096/1, пристапна улица и ул.Сава Ковачевиќ), Одлука бр.07-1879/6 од 23.03.2012година ("Сл. Гл на ОКВ" бр.4/2012),
11. ДУП: за дел од нас."Кисела вода", ЛОКАЛИТЕТ 4, Одлука бр.07-2718/1 од 27.04.2012 година ("Сл. Гл на ОКВ" бр.5/2012),
12. ДУП: локалитет Бирарија, Одлука бр.07-100/2 од 18.11.2004 година ("Сл. Гл на ОКВ" бр.12/04),
13. ДУП: Изменување и дополнување на ДУП "Бирарија" БЛОК 3, Одлука бр.07-4693/2 од 06.07.2012 година ("Сл. Гл на ОКВ" бр.6/2012),
14. ДУП: Изменување и дополнување на ДУП "Бирарија" ДЕЛ ОД БЛОК 4, Одлука бр.07-3590/2 од 29.05.2012 година ("Сл. Гл на ОКВ" бр.6/2012),
15. ДУП: за населба 11 ОКТОМВРИ МЗ 65 (тврда градба), БЛОК 2, Одлука бр.07-8628/1 од 29.11.2012 година ("Сл. Гл на ОКВ" бр. 13/2012),

16. ДУП: МЗ 73 Кисела Вода и дел од МЗ 70 “11 ОКТОМВРИ II “, Одлука бр.07-301/3 од 29.12.1999 година (“Сл. Гл на Г.Скопје” бр.2/2000),
17. ДУП: на дел од МЗ “11 ОКТОМВРИ II“ (југоисточна инд. зона), УБ 2 – јужен дел, Одлука бр.07-72/2 од 15.07.2004 година (“Сл. Гл на Град Скопје” бр 9/2004),
18. ДУП: на дел од МЗ “11 ОКТОМВРИ II“ (југоисточна инд. зона), УБ А(бул.СРБИЈА), Одлука бр.07-446/2 од 30.01.2007 година (“Сл. Гл на ОКВ” бр. 15/07),
19. ДУП: нас. ПИНТИЈА, Одлука бр.07-49/2 од 31.05.2004 година (“Сл. Гл на Град Скопје” бр. 7/04),
20. ДУП: нас. ДРАЧЕВО МЗ 71 – Источен Дел А, Одлука бр. 07-92/1 од 16.10.2002 година (“Сл. Гл на Град Скопје” бр. 11/2002),
21. ДУП: нас. ДРАЧЕВО МЗ 71 – Источен Дел Б, Одлука бр. 07-92/2 од 16.10.2002 година (“Сл. Гл на Град Скопје” бр. 11/2002),
22. ДУП: нас. ДРАЧЕВО МЗ 71 – Западен Дел А, Одлука бр. 07-92/3 од 16.10.2002 година (“Сл. Гл на Град Скопје” бр. 11/2002),
23. ДУП: нас. ДРАЧЕВО МЗ 71 – Западен Дел Б, Одлука бр. 07-92/4 од 16.10.2002 година (“Сл. Гл на Град Скопје” бр. 11/2002),
24. ДУП: нас. ДРАЧЕВО МЗ 71 – дел од Западен дел Б – БЛОК 37, Одлука бр. 07-2117/10 од 19.04.2011 година (“Сл. Гл на ОКВ” бр. 04/2011),
25. ДУП Градски Четврт Ј20 блок 01, Одлука бр. 09-4117/5 од 31.05.2016 (“Сл. Гл на Град Скопје” бр. 5/2016),
26. ЛУПД: ГП 3.1а ДУП „Нас.Пржино 1“ Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.08-1138/7 од 14.01.2011 година
27. ЛУПД: ГП 5.5 ДУП Локалитет Бирарија, согласно Решение бр.08-1666/7 од 04.02.2011 година,
28. ЛУПД: ГП 17.67 ДУП Црниче 2, Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.08-2816/7 од 12.01.2011 година,
29. ЛУПД: ГП 17.371 ДУП Црниче 2, Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.08-1293/3 од 08.06.2010 година,
30. ЛУПД: ГП 20.09 ДУП Црниче 2, Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.12-1664/5 од 08.06.2010 година,
31. ЛУПД: ГП 1.123 ДУП „Нас.Пржино 1“, Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.08-1315/5 од 24.09.2010 година,
32. ЛУПД: ГП 17.431 ДУП Црниче 2 , Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.08-1321/4 од 08.06.2010 година,
33. ЛУПД: ГП 18.34 ДУП Црниче 2, Општина Кисела Вода, согласно Решение УП.бр.12-1181/5 од 15.02.2010 година,
34. ЛУПД: ГП 1.52 ДУП „Нас.Пржино 1“, Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.07-1879/7 од 23.03.2012 година,
35. ЛУПД: КП 1833 Ко Кисела Вода 1, ДУП за населба Црниче УЕ 61, Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.08-1138/7 од 14.01.2011 година,
36. ЛУПД: КП 1415 КО Кисела Вода 1 ДУП за населба Црниче УЕ 61, Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.08-1918/5 од 27.09.2010 година,
37. ЛУПД: КП 513/3 КО Кисела Вода 1 ДУП за населба Црниче УЕ 61, Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.12-599/5 од 08.06.2010 година,
38. ЛУПД: КП 1828 КО Кисела Вода 1 ДУП за населба Црниче УЕ 61,Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.12-157/5 од 08.06.2010 година, и

39. ЛУПД: КП 517 КО Кисела Вода 1 ДУП за населба Црниче УЕ 61, Општина Кисела Вода, согласно Решение бр.12-1116/8 од 15.02.2010 година,

Не е јасно утврден максималниот број на станбени единици со намена А1-домување во станбени куќи.

Општите и посебните одредби на плановите и планската документација од точка 1 до точка 39 треба да се толкуваат така што максимален број на станбени единици со намена А1-домување во станбени куќи е **4** (четири).

Автентичното толкување да се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-3617/9
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода, донесено на Деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 април 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5203/8
27.05.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ број 05/02), член 87 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница одржана на 26 април 2022 година, донесе:

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.1/2020).

**Член 2**

Во Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.1/2020), членовите од 70 до 76 се менуваат и гласат:

Член 70

Во Општината се формира Локален младински совет како советодавно тело на Општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на Општината.
Млади се жители на Општина Кисела Вода на возраст од 15 до 29 години според Закон за младинско учество и младински политики.
Младите од став 1 на Одлуката, може да бидат избрани за претседател/ка и заменикпретседател/ка на Локален младински совет на Општина Кисела Вода, само ако се со место на живеење во Општина Кисела Вода.

Член 71

Одлука за основање Локален младински совет донесува Советот на Општината врз основа на позитивните законски прописи.

Член 72

Во рамките на својот делокруг на работа Локалниот младински совет:
- предлага точки на дневен ред на Советот на Општината, кои ги засегаат младите;
- иницира прашања за млади од делокругот на работата на Општината;
- иницира, учествува и дава повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- доставува информации до Општината, за прашања кои се однесуваат на младите и
- врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со ЗМУМП.

Член 73

Општината распишува Повик за формирање Иницијативен одбор (ИО) согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики. Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на

младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на ЛМС.

Во повикот се напоменува дека Иницијативниот одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание за млади, има најмногу 5 члена и по успешно свикување на Собранието истиот се распушта, односно мандатот престанува. Иницијативниот одбор преку Општината објавува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади.

Во јавниот повик јасно е прикажан начинот на пријавување, критериумите кои треба да се исполнуваат за пријавување, како и рокот за пријавување. Повикот треба да биде објавен на веб-страницата на Општината, и да биде достапен за сите млади, а да се сподели на повеќе јавни места, на социјалните мрежи на Општината, до медиумите и до засегнатите чинители (форми на младинско организирање).

Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Собранието не мора да бидат регистрирани во Општината, но мора да имаат активности на територијата на Општината.

Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општината и на возраст од 15 до 29 години.

Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади заедно со одговорното лице на Општината.

Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трочлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет.

На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Собранието на млади. Мандатот на членовите на Собранието на млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор. На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Собранието на млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието.

Првата седница на Локалното собрание на млади (веднаш после конститутивната седница) ја свикува веќе избраниот претседавач/чка на Собранието. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување Јавен повик за формирање Локален младински совет на Општината, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општината, во локалните медиуми и на останати јавни места/социјални медиуми сè со цел да информира што е можно поголем број на млади во Општината. Повикот треба да трае најмалку 10 дена од денот на неговото објавување.

По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката и до Собранието кои пак свикуваат нова седница на Собранието.

На седницата на Локалното собрание на млади се покануваат делегатите на Собранието и младите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет, а ги исполнуваат критериумите од повикот. Трочлената верификациона

комисија на Локалното собрание за млади (креирана за време на конститутивната седница) го следи процесот на избор на членови на Младинскиот совет на Општината и треба да ги потврди мандатите на делегатите. Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката на гласање. Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола. Бројот на членови на Локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општината. Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор. Кандидатите за членови на Локалниот младински совет ги предлагаат: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации. Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината Кисела Вода го избира и го разрешува Локалениот младински совет врз основа на одлука на Локалното собрание на млади. Локалниот младински совет од своите редови избира претседател/ка и заменикпретседател/ка, согласно Деловникот за работа на Локалниот младински совет.

Член 74

Советот на Општината може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот поради:

- лично барање на членот на ЛМС, и
- ако неоправдано отсуствува од седниците на Советот на млади.

Член 75

Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот/ката на Локалниот младински совет. Претседателот/ката на Советот е должен/а да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на ЛМС. Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС.

Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се утврдува со Деловникот за работа. Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за поедини групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

Член 76

Локалниот младински совет донесува програма за работа на ЛМС и ја доставува до Советот на Општината за секоја календарска година. Програмата за работа, Локалниот младински совет ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на ЛМС. Програмата се донесува и поднесува на

одобрување пред Советот на Општината Кисела Вода најдоцна до 31 октомври во тековната година, за следната година.

**Член 3**

Во Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), после членот 76 се додаваат нови членови и тоа: 76-а, 76-б, 76-в, 76-г, кои гласат:

Член 76-а

Општина Кисела Вода обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување седници на Советот на млади во Општина Кисела Вода. Од реализираниот буџет на Општината од предходната година, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС во согласност со усвоената годишна програма.

Членовите на Локалниот младински совет не добиваат надоместок за својата работа. Стручните и административните работи за потребите на Локалниот младински совет ги врши администрацијата во Општина Кисела Вода, односно назначува службеник/чка за млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Член 76-б

Изборот на членови на младинскиот совет на Општина Кисела Вода го прави локалното собрание на млади.

Локалното собрание на млади објавува јавен повик за членови на локалниот младински совет.

Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода и во локалните медиуми.

Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за застапеноста на помалку застапениот пол.

Член 76-в

Советот на млади одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Член 76-г

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловник за работа на Советот на млади.

Деловникот се усвојува со мнозинство гласови на членовите на советот."

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-3617/10
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за збратимување на Општина Кисела Вода – Скопје – Република Северна Македонија и Општина Врњачка Бања – Република Србија**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за збратимување на Општина Кисела Вода – Скопје – Република Северна Македонија и Општина Врњачка Бања – Република Србија, донесена на Деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 април 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5203/9
27.05.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 14, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 34, став 1, точка 42, а во врска со член 13 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода, број 01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница одржана на 26 април 2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за збратимување на Општина Кисела Вода – Скопје – Република Северна Македонија и Општина Врњачка Бања – Република Србија**

**Член 1**

Општина Кисела Вода – Скопје – Република Северна Македонија се збратимува со Општина Врњачка Бања – Република Србија.

**Член 2**

Видот и начинот на соработката помеѓу општините ќе се утврди со посебен Протокол.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише Протоколот за соработка помеѓу збратимените општини: Општина Кисела Вода – Скопје – Република Северна Македонија и Општина Врњачка Бања – Република Србија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-3617/11
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за прифаќање на донација - Препумпен уред на фекална канализација на ул.Речиште во Опшина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација - Препумпен уред на фекална канализација на ул.Речиште во Опшина Кисела Вода, донесена на Деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 април 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 08-5203/10
27.05.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 4 од Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/2006; 86/2008; 51/2011; 28/2014 и 153/2015), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница одржана на 26 април 2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација - препумпен уред на фекална канализација на ул.Речиште во Опшина Кисела Вода**

**Член 1**

*Со оваа Одлука се прифаќа донацијата - препумпен уред на фекална канализација на ул.Речиште во Опшина Кисела која се дава од Друштво за градежништво, трговија и услуги РМК ГРАДБА АС ДООЕЛ Скопје, во вкупна вредност од 650.000,оо денари без вклучен ДДВ.*

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со Друштво за градежништво, трговија и услуги РМК ГРАДБА АС ДООЕЛ Скопје во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-3617/12
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Општина Кисела Вода
Уп. бр. 13-436 од 27.4.2022 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015 год. и бр. 65/2018 год.), го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавна објава**

1. Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015 год. и бр. 65/2018 год.), да се изврши јавна објава со уп. бр. 13–436 од 27.4.2022 година, во службеното гласило на Општина Кисела Вода, за издавање на Одобрение за градење на станбена куќа на КП 4209/3 КО Горно Лисиче вон градежен во Скопје, од втора категорија, по Измена и дополнување на Општ акт за с. Драчево, Одлука бр. 09 - 7924/7 од 16.10.2019 год., „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 12/2019 год., Одлука бр. 09 - 7678/4 од 2.11.2019 год., Одлука бр. 09 - 7678/5 од 2.11.2019 год., „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/2020 год. на инвеститорот Бојан Николовски од Скопје, бул. „Јане Сандански" бр. 81/2-16, со уп. бр. 13–436 од 3.2.2022 година.
2. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изработил:
Лиле Ристовска, д.и.а
Контролирал
Раководител на одделение
Голубина Арсовска, д.и.а.
Одобрил
Раководител на сектор
Гоце Станкоски, д.и.а.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**Орце Ѓорѓиевски с.р.**

Општина Кисела Вода
Уп. бр. 13-436 од 27.4.2022 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Сл. весник на РМ“ бр. 124/2015 год. и бр. 65/2018 год.), ги известува сите непосредни соседи на градежната парцела за која се однесува одобрението, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 3.2.2022 год. со уп. бр. 13-436 е издадено Одобрение за градење на објект со намена станбена куќа – А1 по Измена и дополнување на Општ акт за село ДРАЧЕВО, Одлука број 09-7924/7 од 16.10.2019 година донесена од страна на Советот на Општина Кисела Вода (Сл. гласник на Општина Кисела Вода бр. 12/19), Одлука бр. 09-7678/4 од 02.11.2020 година и Одлука бр.09-7678/5 од 02.11.2020 година (Сл. гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/2020), од втора категорија, на КП 4209/3 КО Горно Лисиче вон градежен во Скопје, на инвеститорот Бојан Николовски од Скопје, со адреса на бул. „Јане Сандански“ бр. 81/2-16 и заверен е Основен проект за градење на индивидуален станбен објект, тех. бр. 01194-07/21 од август 2021 година изработен од Друштво за инженерство, проектирање и услуги СТУДИО ЛИНЕА ТРИ ДОО Велес.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, бр. 124/10, бр.18/11, бр. 36/11, бр. 54/11, бр. 13/12, бр.144/12, бр. 25/13, бр. 79/13, бр. 137/13, бр. 163/13, бр. 27/14, бр. 28/14, бр. 42/14 бр. 115/14, бр. 149/14, бр. 187/14, бр. 44/15, бр. 129/15, бр. 217/15, бр. 226/15, бр. 30/16, бр. 31/16, бр. 39/16, бр. 71/16, бр. 132/16, бр. 35/18, бр. 64/18 и бр. 168/18 год. и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, бр. 18/20 и бр. 279/20 год.), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 1, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода Скопје и тоа во вторник и четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

Изработил:
Лиле Ристовска, д.и.а
Контролирал
Раководител на одделение
Голубина Арсовска, д.и.а.
Одобрил
Раководител на сектор
Гоце Станкоски, д.и.а.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**Орце Ѓорѓиевски с.р.**

С О Д Р Ж И Н А:


1. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје, за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини;
2. Заклучок за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Круме Кепески“ – Општина Кисела Вода, Скопје;
3. Заклучок за давање согласност на Статутот за измена и дополнување на Статутот на ЈДГ„ 8 Март“ – на Општина Кисела Вода во Град Скопје;
4. Одлука за утврдување на реони во основните училишта од Општина Кисела Вода;
5. Заклучок за давање согласност на Деловникот за измена и дополна на Деловникот за работа на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Кисела Вода;
6. Заклучок за усвојување на Информација за Меѓународен Конкурс Расадник;
7. Автентично толкување по барање бр.09-2711/1 од 17.03.2022 година од група граѓани во врска со максималниот број на стамбени единици кои може да се изградат во Општина Кисела Вода каде постои намена А1 домување;
8. Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода;
9. Одлука за збратимување на Општина Кисела Вода – Скопје – Република Северна Македонија и Општина Врњачка Бања – Република Србија;
10. Одлука за прифаќање на донација - Препумпен уред на фекална канализација на ул.Речиште во Опшина Кисела Вода
11. Јавна објава уп.бр.13-436 од 27.4.2022 година